*Н. МИЉАНИЌ*

# СЛИКАРОТ ВАСИЛИЕ ГИНОВСКИ

Залудо баравме некоја содржина за сликарот Василие Гиновски, поради проверката да ли се објавени податоци за неговиот престој во Црна Гора. Нив ги најдовме во старата црногорска периодика за фамилијата Гиновски, каде што има сеќавања и за сликарот Василие Гиновски. Затоа ќе биде подобро да се публикуваат бар овие податоци.

Најстар податок е тој што благодарение на „... тамошниот сликар Гиновски" во Подгорица (Титоград) е декорирана по „негово барање" театарска сала со 400 седишта за претставата на драмата на кнезот Никола „Балканска царица" во реализација на цетинската аматерска екипа во почетокот на јануари 1885 година[1]). Писател на оваа содржина е црногорскиот министер за просвета Јован Павловиќ, човек кој се школувал во Женева и во Минхен а живеел повеќе години во Нови Сад и Белград, кој бил добро запознат како изгледаат вистинските сцени и затоа неговата оценка има свое значење и своја вредност. Вториот член на таа аматерска екипа Симо Матавуљ[2]) тврди дека таа провизорна сцена се наоѓала во црногорското основно училиште, кое порано било „турска болница".

Друг податок наоѓаме во документот за благодарност на фамилијата за сочувство по повод смртта на фотографот и резбарот Алекса К. Гиновски, роден во Галичник на 7 август 1851 година, а умрен во Подгорица на 11 јануари 1894 година. Документот за благодарноста го потпишале децата Милица, Драгиња и Драгиша и браќата Теофил и Василие. Особено му благодарат на подгоричкиот лекар др. Митар Радуловиќ за трудот околу лечењето на Алекса[3]). И следната вест е тажна, бидејќи Василие Гиновски му благодари на др. Петар Миљаниќ, началник на црногорскиот са-

---

[1]) Балканска царица у Подгорици, Црногорка, Цетиње, год. 2, бр. 2, 3 и 6 јануар 1885, уредник Јован Павловић. За неговото авторство на оваа критика пишува С. Матавуљ во споменатото дело на стр. 229.

[2]) Биљешке једног писца, Београд, 1923., стр. 247.

[3]) Алекса К. Ђиновски, Глас Црногорца, 1894, бр. 4, стр. 4.

нитет и управник на цетинската болница „Данило I“ и на др. Митар Радуловиќ за лечењето на неговиот брат Теофил, роден во Галичник на 25 мај 1846 година, а умрен во цетинската болница на 25 август 1894 година.[4]) Нема податоци за занимањето на Теофил.

Потоа имаме податок дека иконостасот во црквата на селото Убли го изработал „познатиот иконописек Василие Гиновски“, а црквата ја изградил градителот Милош Лепетиќ. Црквата е довршена во април 1897 година[5]). На крајот од месец мај во Кучи дошол тогашниот црногорски митрополит Митрофан Бан, го посетил војводата Марко Миљанов Поповиќ, ја осветил убалската црква и ги обиколил црквите во Орах и Медуна. Користејќи го тој случај за црквата во Медуна му нарачал „на иконописецот г. Гиновски да направи четири престолни икони за оваа црква на негова сметка“[6]), односно на сметка на митрополитот Бан.

Последната вест во која е споменат сликарот Василие Гиновски е неговиот избор во управниот одбор на читалната во Подгорица во март 1898 година[7]). Тоа индиректно ни кажува дека Гиновски и пред тоа бил повеќе години активен во дејноста на оваа културна установа и дека уживал знатен авторитет кај нејзините членови, кога го избираат за член на управата.

Овие неколку податоци непобитно ни говорат за живеењето и уметничката дејност на сликарот Василие Гиновски во Црна Гора помеѓу 1884 и 1898 година. Колку живеел пред и после тоа во таа средина е непознато. Овие податоци несомнено кажуваат и тоа дека потекнува од македонскиот Галичник, како и неговите браќа Алекса и Теофил. Мислам дека е умесна идејата дека треба на теренот во Галичник да се побараат уште податоци за сликарот Гиновски и за неговиот брат резбарот Алекса. Сигурни се податоците за изработката на иконостасот во црквата во Убли и четирите икони за црквата во Медуна и тие негови уметнички остварувања се на цена кај неговите современици и нарачувачи. Ако со време не се упропастени, овие негови дела би можеле да се подложат на анализа, поради определување на вредноста од страна на квалификувани историчари на уметноста. Сосем е основана претпоставката дека Гиновски работел уште доста икони и иконостаси и дека со него соработувал и брат му Алекса како резбар. Можеби, фамилијата Гиновски тоа и ја привлекло во Црна Гора, како и доста македонски печалбари за време на интензивната градба на колските патишта и други градежни дејности после 1878 година. Има податоци за градењето на многу нови и за поправањето на ста-

---

[4]) Теофил Ђиновски, Глас Црногорца, Цетиње, 1894, бр. 38, стр. 4, уредник др. Лазар Томановић.

[5]) НН: Убли у Кучима, допис, Глас Црногорца, 5. април 1897, бр. 14, стр. 2.

[6]) НН: Подгорица, допис, Глас Црногорца, 31 мај 1897, бр. 22, стр. 3; исто, 7 јуни 1897, бр. 23, стр. 2, уредник д-р Лазар Томановић.

[7]) Из подгоричке читаонице, новинска вијест, Глас Црногорца, год. XXVII, 14 март 1898, бр. 10, стр. 4, уредник др. Л. Томановић.

рите цркви и манастири (Острог, Дајбабе, Врањина) на терените кои припаднале на црногорската држава по одредбите на Берлинскиот договор од јули 1878 година, како и во оние краеви по кои рушеда турската војска во текот на воените операции од 1876/78 година (Бјелопавлиќи, Пипери и т.н.). Во црногорската периодика пишува, покрај споменатите манастири, и за подигањето или поправките на црквите во Поља кај Колашин, во Пипери, во Шобајиќи — бјелопавлиќко село, во бањанските села Миљаниќи (црква Св. Јован Крстител) и Копривица (Св. Никола), во голиското седиште на племенската капетанија Крсец и во селото Дуги, па во селото Мркојевиќ кај Бар и во други. Тоа се само или обични новинарски информации со малку податоци или фразерски репортажи без податоци за градителите и иконописците.

Целта на оваа статија е да ги изнесе пред научната јавност овие биографски падотоци за сликарот Гиновски и така да се поттикне понатаму истражувачката работа за него, па тогаш и да се определи вредноста на неговото уметничко творење.